Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

04.11.2016, 18:58

# ИНТЕРВЈУ: ФИЛИП ФИДАНОВСКИ - ПАБЛО ПИКАСО Е САМО НАВИДУМ ЕДНОСТАВЕН



**Авторот на изложбата „Пикасо, можеби јас?“ вели дека делата на големиот уметник изобилуваат со многу затскриени детали и двојни, дури и тројни интерпретации во што, потенцира, лежи предизвикот за нивна трансформација во керамичка скулптура**

Катерина Богоева

**Колку самостојната керамичка изложба отворена под мошне интересно име „Пикасо, можеби јас?“ во Музејот на град Скопје е дел од твојата актуелна авторска фаза или, пак, е резултат на некоја твоја линија датирана од младоста поврзана со големиот мајстор Пабло Пикасо што сега доби конкретен творечки облик?**

Од почетокот на моето ликовно образование во средното уметничко училиште ДСУЛУД „Лазар Личеновски“ и со запознавањето со целокупната светска уметност започна мојот посебен однос кон повеќе светски автори од кои еден е Пабло Пикасо. Нашите разговори преку делата на големиот Пикасо се продлабочија во периодот на мојот престој во Париз и посетата на музејот кој го носи неговото име. Уште повеќе се продлабочи врската со него преку керамиката којашто всушност за Пикасо била една од најубавите уметности и еден поголем период од животот тој и работел керамика. А од друга страна, керамиката мене ми е професија. Оваа изложба е резултат на повеќегодишно проучување на творештвото на Пабло, поконкретно, на неа работев од 2013 година, а поинтензивно последниве година и пол. Паралелно и со други дела за друга моја изложба која планирам да биде отворена идната година.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ИВАНОВ НА СВЕТСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО ЈОРДАН
- СУСПЕНДИРАНИ 15 ВРАБОТЕНИ ВО МВР ЗА ИНЦИДЕНТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО
- ФЕНЕРБАХЧЕ И ОЛИМПИЈАКОС ЌЕ СЕ БОРАТ ЗА ЕВРОПСКАТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА
- МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ ДАМЈАН ДИМЕВСКИ ОСВОИ ГРАН ПРИ НА ФЕСТИВАЛ ВО ТУРЦИЈА
- ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ СО ДОБИВКА ОД 22,3 МИЛИОНИ ЕВРА ГО ПРОДОЛЖУВА ТРЕНДОТ НА ДОБРО РАБОТЕЊЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Обилни врнежи

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

СДСМ најавува битка за принципи, не за ресори

Од недела нов влажен бран

Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула

**Сликарството на големиот Пикасо најде специфично место и во твоето творештво токму годинава кога се навршуваат 135 години од неговото раѓање. Сегменти од неговите познати слики со ликови на жени се нaѕираат во понудените форми со силен твој авторски печат, како ги одбираше?**

Во поле на интерес и на мое истражување беше неговото сликарство. Внимателно ги одбирав делата воден од сопствениот вкус но и од можноста за трансформација. Не сите дела што ги проучував и ги одбрав за мои модели беше возможно да се преточат од слика во скулптура. Сите ликови се женски, меѓу нив е и скопскиот портрет на жена од сината фаза на Пикасо кој се наоѓа во Музејот на современата уметност во Скопје. Две од скулптурите беа инспирирани од женски портрети но изработени беа со машки лик, мој автопортрет. И има една скулптура која е изработена во порцелан и ги обединува сите други, таа е водечката на самата изложба. Поклопувањето со одбележувањето на 135-годишнината од раѓањето на Пабло Пикасо е случајно. Јас со изложбата бев готов во февруари и од тогаш почнав да размислувам за нејзината презентација. Но, едноставно некои работи се случуваат сосема случајно и драго ми е што отворањето на изложбата во Музеј на град Скопје се случи точно на неговиот роденден, 25 октомври. Уште повеќе ми е драго што Македонија стана дел од големото прославување на овој негов јубилеј низ светот каде во врска со тоа се одржуваа многу настани.

**Тешко ли е творештвото на Пикасо за обработка и за трансформирање?**

Секоја работа си има своја тежина, некогаш полесно ќе ви тргне, некогаш со потешкотии. Пикасо навидум е многу едноставен автор, но ако го гледате лаички и како гледач кој нема поголеми познавања од уметноста. Но, ако го погледнете малку поконструктивно и се задлабочите во неговите дела ќе видите дека тој во својот израз напротив е многу тежок бидејќи неговите дела изобилуваат со многу задскриени детали и двојни, дури и тројни интерпретации. Тука лежи таа тежина која е голем предизвик за да се успее да се трансформира неговото сликарство во керамичка скулптура.

**„Пикасо, можеби јас?“ е поддржана од шпанската амбасада во земјава, а на отворањето зборуваше и амбасадорот Рамон Абароа Каранса. Таа не е поддржана од Министерството за култура, зошто?**

Да, изложбата е поддржана од Амбасадата на Кралството Шпанија и за тоа сум посебно благодарен на амбасадорот Рамон Абароа Каранса, кој со големо воодушевување прифати да поддржи еден македонски автор. Јас би се заблагодарил и на сите општествено одговорни компании кои исто така ја поддржаа и со тоа покажаа дека ја препознаваат вистинската уметност во земјава што не беше случај со Министерството за култура. Но да појаснам, јас со изложбата како што реков бев готов во февруари со што го пропуштив свесно конкурсот на Министерството за финансирање на проекти, бидејќи не сум од оние уметници кои аплицираат за поддршка во истото Министерство со идеен проект или со проект на скици. Едноставно не сакам импровизации. На моето инсистирање на средба со надлежните за да добијам можност надвор од веќе објавената програма да ја образложам мојата идеја и концептот на изложбата и со тоа Министерството за култура да се вклучи со поддршка, јас не добив никаков одговор од нивна страна, ниту пак некој ме сослуша. И тоа е за почит бидејќи ми даде мотив повеќе да направам изложба која ќе биде пример и репер за тоа како се прави изложба и како треба да се почитува уметникот и неговото уметничко дело. За жал, никој од Министерството не ни дојде да ја погледне.

**Ќе патува ли „Пикасо, можеби јас?“ во Шпанија, има ли некакви најави за следна нејзина презентација и во земјава?**

Не верувам дека ќе се случи следна нејзина презентација во земјава бидејќи скоро ниедна од институциите немаат услови за ваков тип на изложби. Или доколку тоа и се случи ќе треба да се позајмат соодветни витрини за презентирање на делата. Јас нема да прифатам импровизации. Да, се размислува оваа изложба биде покажана и во странство, но за тоа по тоа. Воедно ќе видиме дали Министерството ќе застане зад мојот проект за презентацијата надвор од Македонија.

Deutsche Welle
- Пипа кажа „Да“
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

**Со оглед на неисцрпното уметничко богатство што Пабло Пикасо го остави зад себе, ќе продолжиш на ваков или на сличен начин да комуницираш со него?**

Пикасо навистина е непресушлив извор на инспирација. Јас уште пред да ја завршам оваа изложба веќе започнав со подготовки за нова, поврзана со неговото творештво но и со творештвото на нашиот голем скулптор Јордан Грабул. Работам на новите дела, а кога тоа ќе може да се види не знам, бидејќи станува збор за многу специфичен израз кој бара технолошки пристап што не едноставен.

Статијата е прочитана 1699 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Промоција на „Живот вреден за живеење“ во МКЦ**



РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани